Архивски број: 08-331/9
22-09-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-331/1 од 14.06.2022 година, поднесена од [redacted], со живеалиште на [redacted] Штип, против од Градоначалникот на Општина Штип, [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.09.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз [redacted], со живеалиште на [redacted] врз основа на политичко уверување сторена од Градоначалникот на Општина Штип, [redacted] во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 16.06.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка од [redacted] од Штип за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност, сторена од Градоначалникот на Општина Штип, [redacted] во областа на работата и работните односи.

Во доставената претставка подносителот наведува дека е вработен во општинската администрација на Општина Штип, вработен и распореден на работно место Раководител на одделение за управување со човечки ресурси од 11.02.2020. Подносителот наведува дека со промената на Градоначалникот на Општината на 25.10.2021, врз него почнува да се врши дискриминација врз основа на политичка основа. Подносителот верува дека причина за ваквата дискриминација е фактот што статусот на вработен во општинска администрација го добива во време на претходниот Градоначалник на Општина Штип, [redacted]

Имено, подносителот наведува дека на 09.12.2021 до него било доставено известување со кое Градоначалникот на Општина Штип, [redacted], го задолжува да решава предмети за бесправно изградени објекти. Согласно неговите тврдења, во рок од два месеци тој требал да постапи по 3000 заостанати предмети и за секое преземено дејствие по предметите да доставува извештај дневно за најмалку седум предмети. Воедно, подносителот наведува дека во работните задачи за работното место на кое е распореден никаде не стои дека треба да постапува по предмети или пак да донесува било какви управни акти поврзани со овие предмети. Подносителот смета дека согласно Законот за вработените од јавниот сектор доделувањето на дополнителни задачи треба да биде согласно поседувањето на стручни знаења и компетенции за извршувањето на дополнителните задачи, а тој како раководител на одделение за управување на човечки ресурси не поседува стручни знаења за постапување по предмети, ниту во работното искуство како дипломиран правник некогаш се имал сретнато со оваа проблематика.

Подносителот во претставката наведува дека од сите седум раководители во општинската администрација, кои се дипломирани правници, само тој бил задолжен да постапува по заостанатите предмети, со што смета дека кон него е постапувано понеповолно во однос на сите други раководители од општинската администрација

На 12.01.2022 година Градоначалникот на Општина Штип, [redacted] донел Опомена по доставено задолжение и ја доставил до подносителот, поради непостапување по предметите во наведениот рок, со повторно задолжение за постапување по опомената.

На 11.04.2022 на подносителот му е изречена дисциплинска мерка – парична казна за сторена дисциплинска неуредност, затоа што не постапувал по задолжението за разгледување и донесување на решение или друг вид управни акти, согласно потребите на постапката за бесправно изградени објекти. Со изречената дисциплинска мерка – парична казна, подносителот се казнува со 20% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинската мерка, во траење од 3 месеци.

Подносителот ја обжалил оваа дисциплинска мерка, а Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен ја уважила жалбата на подносителот, со одлука ја поништила дисциплинската мерка и го вратила предметот на повторно разгледување и одлучување.

Согласно наводите од претставката и по добиената одлука од Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, на подносителот и понатаму му се доделуваат предмети за бесправно изградени објекти.

Имајќи ги предвид наводите и доказите кон претставката Комисијата ценеше дека тврдењето на подносителот за сторена дискриминација е веројатно и согласно член 26 го префрли товарот на докажување на потенцијалниот дискриминатор. Согласно член 24, став 7 од Законот за спречување од дискриминација, Комисијата, на 08.07.2022 достави известување со барање за изјаснување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор.

На 21.07.2022 до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од потенцијалниот дискриминатор. Во поднесокот Градоначалникот на Општина Штип наведува дека со цел побрзо решавање на огромниот број заостанати предмети по основ на легализација во Општина Штип, Градоначалникот на почетокот на својот мандат на одреден број административни службеници од редот на правници и архитекти вработени во Општината им дал дополнителни работни задачи – задолженија, во траење од два месеци, со цел истите да се вклучат во процесот на решавање на заостанатите предмети. Согласно тврдењата на Градоначалникот, ваквите задолженија се во согласност со Законот за постапување на бесправно изградени објекти и со член 36, став 1, алинеа 9 од Статутот на Општина Штип, согласно кој *Градоначалникот во рамките на своите надлежности одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација.* Дополнително, Градоначалникот на Општина Штип во поднесокот за произнесување вели дека ваквите тврдења се потврдени и со член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, каде вработените врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот или од раководното лице на институцијата се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот и пописот на работни задачи за тоа работно место, но кои се соодветни на нивните професионални квалификации и работни компетенции.

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба и утврдување на компаратор Комисијата, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 28.07.2022 до Градоначалникот на Општина Штип достави барање за доставување дополнителни информации. Во цитираното барање Комисијата од потенцијалниот дискриминатор побара информации околу работните задачи кои ги врши Раководителот на Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Штип, дали останатите раководители од општинската администрација добиле задача да постапуваат по предмети за утврдување на статус на бесправно изградени објекти и доколку да, Комисијата побара да се достават дневните извештаи од останатите раководители за вршење на работните задачи.

На 24.08.2022 до Комисијата беше доставен допис од Градоначалникот на Општина Штип по поднесеното барање за доставување дополнителни информации. Во дописот не се доставени бараните информации, туку уште еднаш се изнесени истите факти од дописот за произнесување на претставката.

Ценејќи ги наводите од претставката, доказите кон претставката, наводите од поднесокот за произнесување по наводите од претставката и наводите од одговорот по барањето за доставување дополнителни информации, Комисијата утврди дека во конкретниот случај постои понеповолно постапување кон [redacted] во однос на останатите раководители од општинската администрација на Општина Штип, од страна на Градоначалникот на Општина Штип.

Имено, согласно систематизацијата на работни места на Општина Штип, подносителот е административен државен службеник распореден на работното место Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси, со шифра УПР0101Б04000, видно од Решението за вработување и распоредување на работни место бр. 09-187/16 од 07.02.2020. Во описот на работните задачи и обврски за цитираното работно место, не е предвидено постапување по предмети за утврдување на статус на бесправно изградени објекти, ниту носење на било какви управни акти поврзани со предмети. Комисијата ценеше дека Градоначалникот на Општина Штип при давањето на дополнителните работи и работни задачи кои не се содржани во описот на работното место на кое е вработен и работи подносителот, погрешно го применил и толкувал членот 34 од Законот за вработените во јавниот сектор, бидејќи не ги земал предвид професионалните квалификации и работните компетенции на подносителот, кој никогаш во својата работна кариера не работел на предметно постапување.

Дополнително, Градоначалникот на Општина Штип во постапката не успеа да докаже дека на другите раководители од општинската администрација им се доделени предмети за утврдување на статус на бесправно изградени објекти, односно не успеа да докаже дека подносителот не е доведен во понеповолна положба во споредба со вработените кои имаат исто ниво и звање како него, а кои во конкретниот случај беа земени како компаратори. Имајќи предвид дека ваквиот понеповолен третман почнал да се случува по промената на Градоначалникот на Општина Штип, а со оглед на тоа дека потенцијалниот дискриминатор во постапката не успеа да докаже дека понеповолниот третман кон подносителот е заради неговото политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, во смисла на членовите 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во таа насока, Комисијата одлучувајќи како и во диспозитивот на мислењето, во согласност со членот 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел да се отстрани утврдената повреда и можните последици од истата, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА Градоначалникот на Општина Штип, [redacted], да го поништи даденото задолжение за постапување по предмети за утврдување на статус на бесправно изградени објекти, дадено на административниот службеник [redacted] и за истото да ја извести Комисијата **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.**

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА Градоначалникот на Општина Штип, [redacted], во иднина да не го задолжува административниот службеник [redacted] да извршува работи и работни задачи кои не се содржани во описот и пописот на работни задачи за неговото работно место, кои не се соодветни на нивните професионални квалификации и работни компетенции.

3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА Градоначалникот на Општина Штип, [redacted] во иднина да се воздржи од вршење дискриминација врз основа на политичко уверување или било која друга основа врз административните службеници, вработени во Општина Штип.

НАПОМЕНА: Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката во определениот рок, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk